Училишната комисија за запишување на ученици во I (прва) година во учебната 2024/2025 година во СУГС„Димитар Влахов„ Скопје, врз основа на точка 5 од Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта за учебната 2024/2025 година во Република Северна Македонија објавен од Министерство за образование и наука, точка 2 став 1 алинеја 2 од одлуката за формирање на училишна комисија (бр.02-602/1 од 01.04.2024 година), а во врска со одлуката за објавување интерен конкурс за запишување на ученици во прва година во јунскиот уписен рок (прво пријавување) во учебната 2024/2025 година во Средно училиште на Град Скопје "Димитар Влахов" Скопје (бр.02-680/1 од 15.04.2024 година) објавува

ДИМИТАР ВЛАХОВ - DIMITAR VLLAHOV
Бр.Nr. 02-680/2
15.04 2024 год. viti
Скопје - Shkup

**И Н Т Е Р Е Н  К О Н К У Р С**

**за запишување на ученици во прва година во јунски уписен рок (прво пријавување) во учебната 2024/2025 година во Средно училиште на Град Скопје "Димитар Влахов" Скопје**

Во прва година ќе се запишат вкупно 359 ученици во 14 паралелки (200 ученици во 8 паралелки со настава на македонски јазик, 134 ученици во 5 паралелки со настава на албански јазик и 25 ученици во 1 паралелка на турски јазик) според наставните планови и програми за:

## СТРУКА/СЕКТОР: ЛИЧНИ УСЛУГИ - 259 УЧЕНИЦИ, 10 ПАРАЛЕЛКИ

| **Образовен Профил/квалификација** | **Наставен јазик** | **Број на ученици** | **Број на паралелки** | **Времетраење на образобание** | **минимум број на поени** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Техничар за козметичка нега и убавина** * во соработка со компании | Македонски јазик | 25 | 1 паралелка | четири годишно траење | 45 |
| **Техничар за козметичка нега и убавина** | Албански јазик | 34 | 1 паралелка | четири годишно траење | 45 |
| **Фризер** * во соработка со компании | Македонски јазик | 75 | 3 паралелки | три годишно траење | 30 |
| **Фризер** * во соработка со компании | Албански јазик | 50 | 2 паралелки | три годишно траење | 30 |
| **Фризер** * во соработка со компании | Турски јазик | 25 | 1 паралелка | три годишно траење | 30 |
| **Естетичар за нега на раце и нозе** * во соработка со компании | Македонски јазик | 25 | 1 паралелка | три годишно траење | 30 |
| **Естетичар за нега на раце и нозе** * во соработка со компании | Албански јазик | 25 | 1 паралелка | три годишно траење | 30 |

**Наставни предмети од основно образование кои се предвидени во критериуми за рангирање на успехот на учениците се:**

- Задолжителни наставни предмети: мајчин јазик и странски јазик;
- Наставни предмети кои се од значење за струката: биологија и хемија.

### ГРАФИЧКА СТРУКА/СЕКТОР- 25 УЧЕНИЦИ, 1 ПАРАЛЕЛКА

| Образовен Профил/квалификација | Наставен јазик | Број на ученици | Број на паралелки | Времетрање на образобание | Минимум број на поени |
|---|---|---|---|---|---|
| **Графички уредник-дизајнер** * во соработка со компании | Македонски јазик | 25 | 1 паралелка | четири годишно траење | 45 |

**Наставни предмети од основно образование кои се предвидени во критериуми за рангирање на успехот на учениците се:**

- Задолжителни наставни предмети: мајчин јазик и странски јазик;
- Наставни предмети кои се од значење за струката: хемија и ликовно образование.

### ХЕМИСКО-ТЕХНОЛОШКА СТРУКА/СЕКТОР, - 75 УЧЕНИЦИ, 3 ПАРАЛЕЛКИ

| Образовен Профил/квалификација | Наставен јазик | Број на ученици | Број на паралелки | Времетрање на образобание | минимум број на поени |
|---|---|---|---|---|---|
| **Прехранбен техничар*** во соработка со компании | Македонски јазик | 25 ученици | 1 паралелка | четири годишно траење | 45 |
| **Прехранбен техничар** * во соработка со компании | Албански јазик | 25 ученици | 1 паралелка | четири годишно траење | 45 |
| **Месопреработувач** * во соработка со компании | Македонски јазик | 25 ученици | 1 паралелка | три годишно траење | 30 |

**Наставни предмети од основно образование кои се предвидени во критериуми за рангирање на успехот на учениците се:**

- Задолжителни наставни предмети: мајчин јазик и странски јазик;
- Наставни предмети кои се од значење за струката: математика и хемија.

## I. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Услови за запишување на учениците во I (прва) година се:
- да имаат завршено основно образование;
- да не се постари од 17 години;
- да се определиле за план и програма за една од струките/секторите кои се застапени во училиштето;
- да ги исполнуваат критериумите утврдени со конкурсот.

## II. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

По објавување на ранг листата, учениците треба да ги поднесат следните документи:

- **пријава за запишување** (пријавата за запишување ја издава Министерството за образование и наука и ја објавува на официјалната веб страница);
- **оригинални свидетелства од VI до IX одделение**;

- **дипломи**, (доколку има) од освоени (I, II, III ) место од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката/секторот односно изборното подрачје;
- **извод од матична книга на родените** (без оглед на датумот на издавање).

## III. КОНКУРСНИ РОКОВИ

Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во јунски уписен рок со две пријавувања.

Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука https://e-uslugi.mon.gov.mk со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk.

Првото електронско пријавување на учениците ќе се врши на 20 јуни до 25 јуни 2024 година до 15.00 часот.

Доставувањето на потребената документација до училиштата е на 20, 21 и 24 јуни од 7.00 часот до 17.00 часот и на 25 јуни 2024 година од 07.00 до 15.00 часот,

Конечната ранг листа за секое училиште со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 26 јуни 2024 година, најдоцна до 09.00 часот на огласната табла на училиштето и на училишната интернет страница.

Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 28 јуни 2024 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 28 јуни 2024 година, на огласната табла на училиштето и на училишната интернет страница.

## IV. Критериуми за избор на ученици

Критериуми за избор на ученици се:

- среден успех на ученикот од VI до IX одделение;
- среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се значајни за струката/секторот);
- дипломи од освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од Министерството за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик, математика,хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значање за струката/секторот односно изборното подрачје):
- средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение..

Претседател на Училишна комисија

Јасминка Гудоманова